Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на класичен балет** за II (второ) одделение на основното музичко и балетско образование.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ

II ОДДЕЛЕНИЕ

ОСНОВНОТО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2016

# 1. ВОВЕД

Основи на класичен балет за II (второ) одделение се изучува во основното балетско училиште.
Наставата се одржува во специјализирани училишта.

- **Фонд на часови:** 2 часа неделно , 72 часа годишно**.**
- **Диференцијација на наставниот предмет:** стручен предмет
- **Статус на предметот:** задолжителен.

## 2. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ОСНОВИ НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да именува и демонстрира елементи, движења и постапки;
- да покажува способност за примена на упатства при изведба на издвоени елементи и комбинации;
- да може да ги класифицира движењата во раздели и последователност на изведба;
- да ги употребува постојните упатства врз новите изучени елементи**;**
- да користи постојни сознанија и ги споредува со новите;
- да умее да ги парафразира методските правила и да ги примени во практичната демонстрација;
- да спроведува  одредена зададена задача во точна музичка шема;
- да спроведува  одредена зададена задача во точна изведувачка форма;
- да користи и да применува различен вид на движечки поставки;
- да анализира и потоа демонстрира различен просторен цртеж при изведба на различни танци;
- да расудува и да гради став во однос на креативните задачи;
- да создава креативни обрасци на дадена тема;
- да покажува способност за синтеза на различни елементи – музика, движење, просторна организација;
- да развива колективен дух и способност за изведба во група;
- да покажува способност за самоанализа во делот на изведбата;
- да покажува способност за анализа во делот на изведбата кај другите;
- да ја гради самодовербата во однос на изведбата;
- да изведува заклучоци за изведбата на елементите;
- да произведува модели на различен тип на изведба – покрај палката, на средина на салата;
- да гради позитивен став кон работата.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: Подни вежби | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја развива еластичноста на телото и да работи на отстранување на недостатоците;<br>- да ги изучува основните елементи применувајќи ги методските правила;<br>- да ја развива сопствената телесна координација;<br>- да применува различни ритмички шеми. | - Комбинирани вежби за развивање на еластичноста на стапалата, нозете, појасниот дел и `рбетниот столб<br>- Бавно и брзо испружување на ногата во дадена насока на 45˚ и 90˚<br>- Бавно и брзо испружување на ногата во дадена насока во згрчена положба<br>- Свиткување и испружување на колената<br>- Лизгање на едната нога свиткана во странична положба (при исполнување со една, а потоа едновремено со двете нозе)<br>- Вежи за зајакнување на стомачната мускулатура<br>- Вежби за зајакнување и подобрување на подвижноста на `рбетот | - Свиткување и испружување<br>- Згрчување и разлабавување<br>- Лизгање<br>- Растегнување<br>- Силно и бавно отворање и затворање<br>- Кружно движење на ногата<br>- Бавни и слеани движења<br>- Брзи и отсечни движења | - Групна и индивидуална.<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат. при изведбата)<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Кружни движења со нозете (при исполнување со една, а потоа едновремено со двете нозе)<br>- Брзи исфрлања на ногата во дадена насока | | |

| Тема : Вежби покрај палката | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги изучува елементарните поставки и позиции;<br>- да усвојува положби, елементи и движења во основна форма;<br>- да ја изучува правилната поставеност на рацете, нозете и главата;<br>- да ја следи музичката структура во изведбата;<br>- да ги применува изучените правила од претходниот раздел. | - Позиции на нозете – I, II, III, V позиција (со две раце на држејќи се на палката )<br>- Начин на поставување на телото, рацете и нозете покрај палката(со две раце и со една рака држејќи се на палката )<br>- Demi plie во I, II, III, V[1] позиција (со две раце држејќи се на палката)<br>- Battement tendu во сите насоки во I, V[2] позиција со две раце држејќи се на палката)<br>- Passe par terre<br>- Port de bras I – II- подготвителна позиција пози (со една рака држејќи се на палката)<br>- Вежби за зголемување на еластичноста на нозете и `рбетниот столб | - Отворена положба на нозете<br>- Позиции<br>- Лизгање на ногата<br>- Свиткување и испружување<br>- Движења со рацете и главата<br>- Растегнување | - Групна и индивидуална<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата)<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот |

[1] Факултативно
[2] Факултативно

| Тема : Вежби на средина на салате | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го развива чувството за просторна организација;<br>- да ги изучува елементарните движења на средина на салата;<br>- да владее и правилно да изведува ритмички вежби, прецизно да го одредува своето место во изведбите во група;<br>- да ги именува, препознава и изведува изведените елементи на средината на салата. | - Дефинирање на просторот во салата за единката (8 просторни точки)<br>- Дефинирање на просторот во салата за групата (линии, колони, )<br>- Позиции на рацете – подготвителна, I,II, III<br>- Положба allonge<br>- Port de bras (I-II-подготвителна позиција)<br>- I port de bras | -Точки во просторот<br>- Свртување<br>- Линија<br>- Колона<br>-Движење со рацете<br>- Позиции<br>- Положби | - Групна и индивидуална.<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата).<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот. |

| Тема : Танци | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да демонстрира способност за мемориранје и демонстрација самостојно и на комбинираните елементи од конкретни игри;<br>- да ја класифицира и споредува содржината на играта;<br>- да планира и да развива чувство за координација и просторна ориентација;<br>- да организира правилен ритмичко-просторен план;<br>- да продуцира креативен дух во изведбата;<br>- да развива чувство за изведба во група;<br>- да проверува примена на зададените правила. | **Полка**<br>Изучување на основниот чекор на полка во двојка<br>- Изучување на полка чекорот во различни насоки и со свртување во двојка<br>- Изучување на различните поставки на рацете при изведба во двојки<br>- Усвојување на елементарни групни композиции на полка<br><br>**Тампет**<br>- Изучување на постоечката композицијата на тампет<br><br>**Тематски танци**<br>- Во зависност од периодот на изучување педагогот подготвува (Танц на есенските листови, Танц на снегулките, Танц на птиците, Танц на кокичињата) и танци поврзани со одредени ликови или теми (Танц на куклите, Танци поврзани со одреден лик од приказна или балет[3]) | - Соло<br>-Групна и изведба во двојки<br>- Полка<br>- Промена на места (доа а дос)<br>- Тампет<br>- Просторни поставки:<br>- Круг<br>- Двоен круг<br>- Полукруг<br>- Дијагонала<br>- Линии<br>- Лик<br>- Состојба<br>- Приказна | - Групна и индивидуална.<br>- Перцептивно-тактилна (изучување преку демонстрација и укажување на деловите на телото кои се активираат при изведбата).<br>- Демонстрација на вежбата од страна на педагогот. |

[3] Во изборот може да се искористи музика од постојните балети „Копелија“, „Заспаната убавица“, „Оревокршачка“, „Црвенкапа“ итн.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Четирите предложени тематски целини треба да бидат распределени тако што се изучуваат паралелено, структурирајќи го часот така што ќе се комбинираат елементите од сите тематски раздели во редослед кој е даден во програмата.

Часот треба да започне со подните вежби, потоа следува делот со вежби покрај палката, за на крај од часот да се опфатат вежбите на средина на салата и танците. За секое подрачје од содржината се предвидени 4 до 12 часа вклучувајќи ги и модификациите (изведба во различни позиции, со различна скорост, во издвоена и комбинирана форма).

Особено внимание треба да се посвети на последователноста во однос на изучувањето, најнапред се подготвува телото преку подните вежби пред да се пристапи кон изучување на вежбите покрај палката и на средина на салата.

**Наставни средства**

Аудиосредства односно пијано придружба е задолжителна во изведбата на наставата. Моделите за реализација на наставата по овој предмет се нагледни средства како видеозапис, илустрации, фотографии и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на наставниот ппроцес. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит.

Оценувањето е описно.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Наставата се изведува во балетска сала која треба да го задоволи општиот норматив за проектирање и изведба на ваков вид објекти специјализирани за настава по балет.

## 7. КАДРОВСКИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Воспитно-образовната работа може да ја изведува наставник со:

- завршени редовни студии по балетска педагогија;
- завршен еден од педагошките факултети со претходно завршено основно и средно балетско образование и петгодишно балетско педагошко искуство во професионално балетско училиште.

## 8. ПОЧЕТОК Н А ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2016 година**

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **основи на класичен балет** за II (второ) одделение на тригодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди министерот за образование и наука

**МИНИСТЕР**

**Арх. бр. 12-15456/1**
**10.11.2016 год.**

____________________________

**Pishtar Lutfiu**

Изготвил: работна група, координатор д-р Анкица Витанова, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор